СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

| |
|---|
| 0302-130-1/18 |
| Скопје, 03.12.2018 |

**До: Министерство за финансии**
**ул. Даме Груев бр. 12**
**1000 Скопје, Република Македонија**

**За: г. Драган Тевдовски, министер**

**Предмет: Мислење за Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања**

Почитуван г. Тевдовски,

Би сакале да искажеме благодарност за соработката која досега ја оствaруваме и која се надеваме дека поуспешно ќе ја спроведуваме во иднина.

Ве информираме дека во врска со објавениот предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР), Сојуз на стопански комори на Македонија спроведе консултации со компаниите членови и идентификуваше забелешки. Во оваа насока, по разгледување на предлог измените доставуваме мислење кое Ве молиме да го разгледате и земете во предвид бидејќи се истакнува од реалниот сектор кој е имплементатор на регулативата, а е со цел спроведување јавно-приватен дијалог во интерес на сите страни.

**Мислење:**

Член 1 и 2 од предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања предвидуваат измени кои се во насока на прецизирање на издавањето на фискални сметки и тоа начин, време и содржина. Од аспект на бизнис заедница сметаме дека примената на предложените измени не е возможно да се спроведе бидејќи на терен се случуваат ситуациии во кои доколку овие измени би се примениле, истите би предизвикале единствено негативни ефекти. Имено, со секоја нарачка клиентот не врши плаќање за да се внесе евентуалниот курс односно начинот на плаќање може да се усложни во ситуација кога се случува клиентот да нема доволно средства на картичка, недоволно да има готовина, гостите кои се услужуваат да сакаат да платат на различен начин својот дел од сметката, да настанат технички проблеми со интернет врска кога се плаќа со картичка итн, и за ова време многу лесно може да изминат 15 минути, а сторно за исправка не е дозволено. Исто така, многу често клиентите плаќаат на фактура, начин кој како безготовински промет не подлежи на фискализација. Врз основа на наведеното, согласно предвидените измени нема како да се постапи во посочените ситуации, а да во истите нема негативни последици за компаниите или пак утврдени неправилности од страна на спроведен надзор, за кои пак во предлог законот се утврдени високи износи на глоби.

Согласно посоченото негативно влијание од предложените измени и неможноста за нивна реална примена, предлагаме одржување на работна средба и/или спроведување на дополнителни консултации во рамки на кои заеднички ќе утврдиме решение кое ќе ги исполнува целите на предлагачот, а истите ќе бидат во интерес на бизнис секторот и сите останати засегнати страни.

Во врска со член 5 од предлог законот, го поздравуваме уште еднаш усвојувањето на концептот за укинување на двојно казнување односно забрана за вршење на дејност во деловна просторија нема да се примени доколку се изврши наплата на утврденета казна. Сепак, сметаме дека став 6 од истиот член потребно е да се допрецизира во насока на тоа да сите единствено ја толкуваат одредбата дека во случај кога не е регистриран прометот или не е издадена фискална сметка при надзор доколку се изрече забрана за вршење на дејноста да истата нема да се спроведе доколку се наплати казната од страна на субјектот на надзор, наспроти моменталната формулација која има ситуации кога различно се толкува. Ве молиме за истово и да се произнесете на писмено имајќи ги предвид негативните импликации кои може да ги има од погрешно толкување и недоволно прецизирање на одредбата.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да нè контактирате на тел: 02 30 91 440 или на е-маил: info@chamber.mk, контакт лице: Маја Савеска.

Срдечно Ве поздравуваме.

Со почит,

**Александар Зарков**
Извршен директор
Сојуз на стопански комори на Македонија

*Подготвил:*
*Одобрил:*